Бр. 17-2685/1
12.03.2025 год.
СКОПЈЕ

# Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | ОПШТИНА КАРПОШ |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Виолета Михајловска, координатор за еднакви можности |
| **Период на известување** | 2024 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | |

**Дата,**

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

**Градоначалник Стевчо Јакимовски**

**Потпис:**

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме (на Раководител на сектор за еднакви можности) :**
**Виолета Михајловска**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

А) Позитивни
Б) Охрабрувачки
*В) Програмски*

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**
**Донесена посебна годишна програма за активностите на општина Карпош во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година. Донесен буџет на ЕЛС со алоцирани средства за еднакви можности во износ од 1.200.000,00 денари.**

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**
**Интензивирана соработка со НВО и граѓански сектор за изработка на проекти, планови и програми**
**Сензибилизирани се сите сектори во ЕЛС за имплементирање на РОБ и родовите политики во рамки на сите програми, проекти и активности.**

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])
**показатели се годишните извештаи од некои програми, поделени на полова статистика како и извештаите од спроведените општински проекти во кој се запазува родовата еднаквост**

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| 2.6.Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС (согласно член 11 од ЗЕМ):<br>Поминати се неколку обуки за родово одговорно буџетирање; програмите се родово сензитивни и родово неутрални, со посебна програма за еднакви можности која се однесува на жените |
| 2.7.Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):<br>Во тек е менторска програма за роб во сите програми |
| 2.8.Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)<br>Показатели се извештаите од неколку прогхрами, особено кога општината дава субвенции и финансиска поддршка |
| 2.9.Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот |
| 2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?<br>Реализатори на програмата се невладини и/или граѓански здруженија кои се избрани по пат на јавен повик |
| 2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?<br><br>а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси<br>* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)<br><br>б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)<br>* приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн. |

| |
|---|
| 2.12. Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?<br>**Немаме Акциски план туку годишна програма со повеќе области** |
| 2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:<br>а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период<br>б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план<br>в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)<br>г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации? |
| 2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?<br>**Поради унапредување, координаторот добива овластување за координатор** |
| 2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?<br><br>Дали тој во обуките се јавил/а како:<br>А) слушател/слушателка – РОБ со UNWOMEN<br>Б) обучувач/обучувачка – |

**2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

**Обуки не се реализирани од страна на надлежните огрaни, така што присуството на координаторката е најчесто на дебати, форуми и конференции**

**2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

На форум за семејно насилство организирано од ЗЕЛС, имавме излагање за состојбата со жртвите на семејно насилство на територија на општината

Ве молиме опишете

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

Извештај за 2024:

1. Унапредување на здравјето на жените и мажите: проект на Здружение на бизниси и консултации КРЕАЦИЈА Скопје со наслов: „Унапредување на здравјето – постојана грижа и одговорност“. Проектот имаше за цел да ги информира и моболизира граѓаните, и жени и мажи, во врска со актуелните акани по нивното здравје и да даде препораки за начините на унапредување на здравјето. Беше спроведено истражување за здравствените проблеми кои ги засегаат жените и мажите од секоја возрасна група, се изработија вкупно 200 брошури и 1000 летоци кои ги содржеа важните препораки и истите беа дистрибутирани на територија на општината. Беа одржани и две посебни трибини за женско и машко здравје на кои зборуваа лекари специјалисти. Вкупниот износ на проектот беше 300.000,00 денари.

2. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртви на семејно насилство:

   - Проект на ОЖС со наслов „Долгорочно сместување и психосоцијална поддршка на жртвите на семејно насилство згрижени во Шелтер центарот на ОЖС Скопје“. Овој проект беше поддржан со вкупно 100.000,00 денари и со овое средства беше помогнато во згрижување на 5 жртви жени и 4 малолетни деца. Освен згрижување и трошоци во Шелтер центарот обезбедени се и сите пропратни и потребни активности според протоколите за згрижување на жртвите и нивните деца.
   - Проект на КРЕАЦИЈА со наслов:ˊ „ Кажи не и побарај помош“ за кој беа исплатени 100.000,00 денари. Проектот содржи неколку активности и тоа:

истражување и иразботка на извештај за бесплатни сервиси за згрижување и помош на жртви на семејно насилстви, дизајн и печатење на информативни материјали кои беа дистрибуирани на територија на општината преку месните и урбаните заедници, како и надградба на веб страна и изработка на фесбук страна „Кажи не и побарај помош“ каде ќе се споделуваат сите важни информации од оваа проблематика.

3. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација: проект на Здружение за сексуални и родови малцинства КВИР Скопје со наслов: „Психосоцијална поддршка на жртви на насилство и дискриминација врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет“ за кој беа исплатени 100.000,00 денари. Во рамки на проектот обезбедена е психосоцијална поддршка, помош и консултација во период од 4 месеци за 6 нови клиенти и на веќе постоечките, односно на вкупно 29 клиенти.

4. Надминување на родовите стереотипи преку зголемено учество на девојчињата и жените во ИТ секторот: проект на Едукативен центар ИДЕА за кој беа исплатени 200.000,00 денари. Проектот вклучуваше спроведување на анализа за состојбите со вработеност и плати во ИТ секторот, печатење на работни материјали и спроведување на работилници во три основни училишта на територија на Карпош. Овие работилници беа спроведени во ООУ Петар Поп Арсов со вкупно 16 девојчиња, во ООУ Димо Хаџи Димов со вкупно 16 девојчиња и во ООУ Братство со 35 девојчиња. Целта на овие работлници беше да се информираат младите за можностите кои го нуди ИТ секторот и со тоа да се зголеми бројот на девојчиња и жени кои ќе се запишуваат на студии или обуки за ИТ вештини.

5. Отварање на локална канцеларија за родителство: проект на Здружение за развојна хумани системи НВО Алтернатива Скопје со наслов: „Советувалиште за родители при Општина Карпош“ за кој беа издвоени 300.000,00 денари. Проектот опфати повеќе активности и тоа спроведување на специјализирани обуки на стручните служби од основните училишта од Карпош кои се здобија со сертификати за фасилитатори за родителство за деца од 6 до 10 години, како и отварање на локална канцеларија за родителство во ООУ Јан Амос Коменски која ќе нуди поддршка и стручна помош на родителите за справување со предизвиците и потешкотиите со кои тие се соочуваат.

Фитнес и самоодбрана за девојки и жени: проект на Полициски боречки клуб Безбедност за кој беа исплатени 100.000,00 денари. Проектот опфати 10 месечни бесплатни обуки за самоодбрана и повеќе модели на тренинзи за девојчиња и за жени. Часовите беа реализирани во четири термина неделно, секоја недела и вкупниот

**2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**
**сите горенаведени проекти се реализирани**

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**
**Имаме програма за еднакви можности со финансиска рамка од 1.700.000.00 денари и во склоп на програмата ќе реализираме проекти од повеќе области**

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**
**Со формирањето на новиот состав е формирана и КЕМ со 9 члена**

5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:

а) Пол 7 жени и 2 мажи

б) Образование

в) Етничка припадност

г) Припадност на политичка партија сдсм, вмро, гром, независни и левица

5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:

а)во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС

б) во донесување на буџет на ЕЛС

в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС

членовите на комисијата учествуваат и поддржуват предлозите на координаторката

5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?

5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа? Да, програмата за еднакви можности

5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници. 2

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС

б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми